Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза во Северна Македонија

Наум Наумовски Борче,
83,1000 Skopje
Северна Македонија
www.mhc.org.mk

Здружение ХЕЛСИН...
ЗА ЧОВЕКОВИ П...
Бр. 08 - 283
23.04 2025
СКОПЈЕ

# ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ ЕКСПЕРТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЕДНОДНЕВНИ ОБУКИ ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА

## Општи информации

Хелсиншкиот комитет за човекови права, во рамки на проектот „*Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Република Северна Македонија*" финансиран од страна на Европската Унија како дел од програмата EuropeAid/174503/DD/ACT/MK, согласно Договоротот за грант потпишан меѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права и Европската Унија бр. NDIZI-THE-NEAR/2022/441-698, објавува **повик за ангажирање два експерти за одржување на 10 еднодневни обуки за зајакнување на капацитетите на полициски службеници за постапување во случаи на говор на омраза**.

Главната цел на проектот е да се зајакнат ефективните механизми за заштита на правата на граѓаните во Република Северна Македонија при практикување на слободата на изразување и борба против говорот на омраза во согласност со меѓународните и европските стандарди. Влијанието на акцијата е специјално дизајнирано да овозможи синергија помеѓу работата на секторот на граѓански организации и релевантните институции како заштитни механизми од говор на омраза, врз основа на собирање податоци и директен ангажман со избраните целни групи. Ова ќе се постигне преку отворен политички дијалог со цел да се обезбеди посветеност на Владата за понатамошно подобрување на целокупната ситуација преку оперативно и институционално зајакнување на капацитетите за справување со говорот на омраза во согласност со најдобрите европски практики.

## Позиција

***Два експерти за одржување 10 еднодневни обуки за зајакнување на капацитетите на полициските службеници за постапување во случаи на говор на омраза***

## Тема на обуките

Избраните експерти ќе треба да одржат 10 еднодневни обуки за полициски службеници и останати службеници во Министерството за внатрешни работи за препознавање, спречување и борба против говорот на омраза, за постапување во случаи на говор на омраза и собирањето докази, со посебен фокус на најдобрите практики на Европската Унија, особено на судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Обуките ќе бидат наменети за Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, за Тренинг центарот при Министерството за внатрешни работи и по една обука за секој Сектор за внатрешни работи (Скопје, Куманово, Битола, Штип, Велес, Охрид, Тетово и Струмица).

**Избор на експерт**

На овој повик имаат право да учествуваат сите физички лица што ги исполнуваат следниве критериуми:

- Работно искуство од најмалку 7 (седум) години, особено релевантно во областа на говорот на омраза, дела од омраза, дискриминација и/или заштита на човекови права;
- Минимум 5 (пет) обуки посетени во текот на работното искуство во областа на говорот на омраза, дела од омраза, дискриминација или заштита на човекови права; и
- Минимум 3 (три) обуки во кои кандидатот бил обучувач.

Искуството се докажува по пат на приложена кратка биографија (CV) во кои се наведени обуките што се посетувани и обуките каде што кандидатот бил обучувач, којашто треба да содржи и краток опис на содржината на обуките.

**Работни задачи**

- Подготвување на концепт и методологија за спроведување на обуките
- Утврдување на целите на обуките
- Подготовка на тестови за учесниците пред одржување на обуката за оценување на моменталните капацитети и тестови за евалуација
- Подготовка на писмени материјали и вежби за проширување на знаењата
- Постојана комуникација со проектниот тим на Хелсиншкиот комитет за човекови права за спроведување на сите задачи, вклучително и утврдување на роковите за нивно завршување

**Спроведување на работните задачи**

Времетраењето на ангажманот ќе започне на почетокот на мај по склучување на договорите со ангажираните лица и ќе трае до завршување на активностите, односно до 15 јули 2025.

Еднодневните обуки ќе бидат спроведени во периодот од мај-јуни 2025 година.

Хелсиншкиот комитет ќе потпише договор со надворешните соработници каде што ќе бидат дефинирани меѓусебните права и обврски.

**Начин на пријавување**

За пријавување на овој повик кандидатите треба да достават:

- професионална биографија (CV), вклучително со обуките што се посетувани и обуките каде што кандидатот бил обучувач, којашто треба да содржи и краток опис на содржината на обуките; и
- финансиска понуда за спроведување на обуките

Документите за пријавување задолжително да се доставаат на имејл адресата **natasha.petkovska@mhc.org.mk најдоцна до 27.04.2025 година со назнака „Избор на експерт за одржување еднодневни обуки за говор на омраза“**. По доставување на пријавите, тимот на Хелсиншкиот комитет ќе ги оценува во неколку чекори: проверка дали се доставени потребните документи; евалуација на персоналните биографии и евалуација на финансиските понуди.

За дополнителни прашања, Хелсиншкиот комитет за човекови права ви стои на располагање на гореноведената имејл адреса.

Скопје, 23.04.2024 година.

*Оваа активност се спроведува со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на Хелсиншкиот Комитет за човекови права, и под ниеден услов не ги рефлектира ставовите и позицијата на Европската унија.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во РС Македонија

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА